**20252094127**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 34 став (18) од Закон за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА АКРЕДИТАЦИЈА НА ПОНУДУВАЧ НА УСЛУГА ЗА ВАЛИДАЦИЈА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ПОНУДУВАЧИ НА УСЛУГИ ЗА ВАЛИДАЦИЈА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на акредитација на понудувач на услуга за валидација, како и формата и содржината на образецот на барањето за акредитација на понудувачи на услуги за валидација и потребната документација.

Член 2

Барањето за акредитација на понудувач на услуга за валидација, се поднесува на образец со димензии 21 см x 29,7 см, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето за акредитација на понудувач на услуга за валидација, се доставуваат следните документи:

- решение за акредитација за валидација на јавна установа за основно или средно образование,
-доказ за регистрирана дејност,
-елаборат на установата,
-податоци за простор и опрема за соодветната квалификација за валидација,
-податоци за вработено/ангажирано лице од редот на лицата запишани во Каталогот за сертифицирани советници за валидација,
-податоци за вработено/ангажирано лице од редот на лицата запишани во Каталогот за сертифицирани проценувачи за валидација, за соодветна квалификација,
-статут на установата,
-изјава за безбедност за секое работно место согласно потребите на соодветната квалификација и
-уплатница за извршена уплата на трошоците за проверка на исполнетоста на условите за акредитација на сметка на Центарот за образование на возрасните.

Член 4

Акредитацијата на понудувач на услуга за акредитација, се врши на начин што се проверува исполнетоста на нормативите и стандардите за простор, опрема и кадар за акредитација на установата за валидација, преку непосреден увид, при кој се проверува:

-доставената документација и барањето за акредитација,
-просторните и материјални услови потребни за реализација на валидација на соодветната квалификација и
-кадровските услови потребни за реализација на валидацијата.

За увидот во исполнетоста на условите за акредитација, се информира установата најдоцна три дена пред вршење на увидот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-13034/1
8 октомври 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф.д-р **Весна Јаневска**, с.р.

Прилог

До
ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје

**Б А Р А Њ Е**

**за акредитација на понудувач на услуга за валидација по јавен повик бр.__________.**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив на установата | |
| 2. | Назив на квалификацијата | |
| 3. | Број на Решение на акредитирана јавна установа за основно или средно образование | |
| 4. | Директор | |
| 5. | Адреса | |
| 6. | Телефонски број | |
| 7. | Адреса на е-пошта: | |
| 8. | Име и презиме на советник/советници за валидација | |
| | За советниците вклучени во валидацијата да се приложи копија од:<br>- свидителство/диплома за завршено соодветно образование<br>- сертификат за завршена обука за советник за валидација<br>- биографија<br>- договор за вршење на услуга помеѓу установата и советникот во која се дефинирани обврските, одговорностите и услови за работа | |
| 9. | Име и презиме на проценувач/проценувачи за валидација | |
| | За проценувачите вклучени во валидацијата да се приложи копија од:<br>- свидителство/диплома за завршено соодветно образование<br>- сертификат за завршена обука за проценувач за валидација<br>- биографија<br>- договор за вршење на услуга помеѓу установата и проценувачот во која се дефинирани обврските, одговорностите и услови за работа | |
| 10. | Простор за вршење на валидација: | |
| | -вкупна површина (во $м^2$) | |
| | -вкупен број на училници, кабинети, други простории | |
| | -адреса на место на спроведување | |
| 11. | Кон барањето да се приложи следната документација: | |

| | | |
|---|---|---|
| | - решение за акредитација за валидација на јавна установа за основно или средно образование,<br>- доказ за регистрирана дејност,<br>- елаборат на установата,<br>- податоци за простор и опрема за соодветната квалификација за валидација,<br>- податоци за вработено/ангажирано лице од редот на лицата запишани во Каталогот за сертифицирани советници за валидација,<br>- податоци за вработено/ангажирано лице од редот на лицата запишани во Каталогот за сертифицирани проценувачи за валидација, за соодветна квалификација,<br>- статут на установата,<br>- изјава за безбедност за секое работно место согласно потребите на соодветната квалификација и<br>- уплатница за извршена уплата на трошоците за проверка на исполнетоста на условите за акредитација на сметка на Центарот за образование на возрасните | |
| 12. | Опрема:<br>- краток опис на опремата потребна за реализација на валидацијата за соодветната квалификација | |
| 13. | Изјава од директор/овластено лице | Јас долупотпишаниот:<br>- ја потврдувам точноста на информациите содржани во барањето, статутот и елаборатот<br>- потврдувам дека се исполнети сите потребни стандарди и услови за реализирање на валидација<br>- се согласувам да се врши непосреден увид во работењето на установата |

Датум:

Барател:_______________________

(Име, презиме и потпис на директор)

(Печат на установата)

_______________________